Виолета АЧКОСКА УДК: 316.42:338.22(497.7)„1944/2004“

# ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1944-2004)

***Кратка содржина***

*Трудот ги обработува најважните сегменти на општественo-економскиот развој на современата македонска држава во периодот од 1944 до 2004 година. Тоа е период во кој се извршени радикални промени во речиси сите сфери од општествениот живот: стопанство, политика, образование, култура итн. Притоа, се следат основните процеси во општествено-економскиот развој на државата. Во низата хронолошки настани, нагласокот е ставен на одредени временски интервали во кои биле најгусти историските случувања.*

***Клучни зборови:*** *ЦЕНТРАЛИЗАМ, ФЕДЕРАЛИЗАМ, СОПСТВЕНОСТ, НАРОД, ПАРТИЈА, СОЦИЈАЛИЗАМ, САМОУПРАВУВАЊЕ, ЛИБЕРАЛИЗАМ, ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА, ПЛУРАЛИЗАМ.*

Времето на развојот на македонското општество од 1944 до 2004 година го бележиме како време на промени. Се менува политичката структура на власта, се менуваат носителите на сопственоста, се менуваат вредностите во образованието и културата, се менува начинот на живот и се менува човекот. Во тој голем од на историски промени во правците на развој на општеството и во животот на обичниот човек можеме да воочиме и одделиме неколку историски периоди: првиот, т.н. асномски период (1944/1945); вториот, периодот на опстојување на Републиката во рамките на втора, авнојска (социјалистичка) Југославија (1945-1991), и третиот, периодот по 1991 година, односно развојот на суверена независна Република Македонија.

Кусиот, но мошне значаен период од наведената историска рамка претставува асномскиот, односно времето од прогласувањето на Демократска Федерална Македонија во вардарскиот дел од Македонија (2 август 1944 година), како федерална единица во авнојската федерација (ДФЈ) до формирањето на првата Народна влада на НРМ (16 април 1945 година). По овој период, па се до воведувањето на плурализмот и осамостојувањето во 1991 година, политичките и опш-

тествено-економски текови на современата македонска држава далеку поизразено се одвивале според краткорочните и долгорочните цели за општествената преобразба изнесени во програмските докумети на КПЈ/СКЈ и во секојдневното делување и насоки на централните раководни партиски органи. Притоа, можеме да следиме неколку доминантни процеси во кои политиката односно идеологијата доминирала над сите општествени и економски законитости и логика. Гледано од аспект на периодизацијата на општествениот развој, овој, инаку единствен историски период, грубо, можеме да го поделиме на два историски подпериоди: едниот од 1945 до 1953 г., односно период на државно-централистичкото раководење со стопанството, до инаугурирањето на работничкото самоуправување со Уставниот закон од 1953 година, односно по Шестиот конгрес на КПЈ од 1952 г. и вториот, подпериодот од 1953 до 1991 г.. Посебен историски период, како што наведовме претставува времето од 1991 до 2004 година кога Републиката се развива како сосема независна држава, во која е воведен плурализмот во политичкиот систем и пазарната економија во стопанството.

* * *

Историјата на современата македонска држава започнала пред шест децении, кога на територијата на вардарскиот дел од Македонија е прогласена првата современа македонска држава – Демократска Федерална Македонија во рамките на втора Југославија, федерација на рамноправни народи и националности[1]. Основната позиција врз која се темелела новата држава била синтагмата – *нема повеќе враќање на старо* или преведено со тогашниот политички речник тоа било ветување за социјална правда и национална слобода[2].

---

[1] Новата држава формирана во текот на Втората светска војна (на заседанијата на АВНОЈ и АСНОМ) се нарекувала *Демократска Федеративна Југославија* (ДФЈ) односно *Демократска Федерална Македонија* (ДФМ) до спроведувањето на првите сеопшти избори во ноември 1945 година, кога дефинитивно, на 29 ноември 1945 г. е прогласена за република и се преименува во *Федеративна Народна Република Југославија* (ФНРЈ) односно *Народна Република Македонија* (НРМ), инаугурирано и во првиот сојузен односно републички устав во 1946 година. Со Уставот од 1963 година државата го добила името *Социјалистичка Федеративна Република Југославија* (СФРЈ), односно *Социјалистичка Република Македонија* (СРМ). Со распадот на СФРЈ дел од териториите (Србија и Црна Гора) се нарекоа Сојузна Република Југославија (СРЈ), а СРМ го доби името *Република Македонија* (РМ).

[2] Инаугурирањето на националната рамноправност со документите на АВНОЈ и АСНОМ било еден од најважните столбови на новата држава која се раѓала во текот на

Формирањето на Демократска Федерална Македонија во рамките Демократска Федерална Југославија за дел од тогашните водечки политичките сили претставувало чин со кој конечно се реши македонското прашање. Меѓутоа, за голем дел од македонскиот народ како и за повеќето членови на АСНОМ тоа било етапа во процесот на целосно обединување на македонскиот народ[3]. Ова е истакнато и во Манифестот на Првото заседание на АСНОМ и во Прогласот на АСНОМ упатени до македонскиот народ[4], иако, во дадените услови во текот и при крајот на Втората светска војна, обединувањето на македонскиот народ не зависело од желбите и надежите на бројни македонски национални дејци, патриоти, антифашисти, комунисти и учесници во НОВ (т.н. национално-демократската струја) туку, пред се, од констелацијата на меѓународните интереси на Балканот. Притоа, покрај меѓународниот фактор, и самата КПЈ како водечки, централен субјект на политичките промени, лениновата формула за самоопределување на народите до нивно отцепување ја ограничила со „класната логика“ (односно постигнување на единство на работничката класа наспроти националните различности)[5], застанувајќи на

---

Втората светска војна. Според *Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија* донесена на Првото заседание на АСНОМ, (член 1) „сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, раса и вероисповед“ (*АСНОМ, документи,* I, 1, Архив на Македонија, Скопје, 157). Оттука произлегувале сите останати политички, социјални, културни и економски права: слобода на вероисповед, совест, слобода на говор, печат, собирање, избирачко право за сите граѓани и граѓанки со наполнети 18 години освен оние кои се осудени за кривично дело или се против НОВ. Со Декларацијата, на националните малцинства им се обезбедувале сите права на слободен национален живот.

[3] Види за тоа: *Методија Андонов Ченто* – документи, ДАРМ, Скопје 2002, док. 42, 116.

[4] Меѓу другото, АСНОМ го објавува и решението за пристапување на македонската држава во југословенската федерација: „македонскиот народ влегува како национално ослободен и рамноправен член во нова, демократска и федеративна Југославија“. Прашањето за обединување на македонскиот народ како најгорливо и најважно прашање за Македонците, во Манифестот било поврзано со нивното „учество во гигантскиот антифашистички фронт“, но и дека тоа ќе се изврши „под покровот на Титова Југославија“. На вардарскиот дел на Македонија му се дава улогата на пиемонт во таа борба *(АСНОМ, документи*, I, 1, 177-179).

[5] Должни сме да напоменеме дека во Македонија, а и во други делови на тогашна Југославија, не станувало збор за изградена некаква посебна работничка класа, туку за „класна коалиција“ или трудбенички слоеви кои тогаш се ставале во категоријата „народ“. Имено, терминот „народ“ се користел за одредување на социјалните носители на „класната коалиција“ која што ја сочинувале работници, селани и „поштена интелигенција“, ситната буржоазија, т.е. оние слоеви кои се залагале за општествени промени – национална, социјална и друга еманципација.

становиштето дека народите на Југославија се самоопределиле во рамките на авнојската федерација, како рамноправна заедница на народи, во која е конечно решено националното прашање[6]. Кон оваа опција се придружиле повеќе членови на КПМ односно т.н. пројугословенската струја. Сепак, до изборот на првата Народна влада на НРМ на чело со Лазар Колишевски (16 април 1945)[7], поголем број од дејците на АСНОМ пружале отпор на обидите на федералните органи од Белград (поточно на Политибирото на ЦК КПЈ) за посилна централизација на Федерацијата и поставувале барања за поголема самостојност на Републиката во однос на Федерацијата.

Донесувањето на првиот Устав на Народна Република Македонија во декември 1946 година[8] се софпаѓа со периодот во кој, по спроведената национализација, на планот на стопанството се вршеле подготовки за воведување на првиот Петгодишен план за развој на стопанството[9]. Во рамките на политичката сфера се одвивал процесот на засилена централизација која дошла до израз во зголемувањето на сојузните наспроти републичките компетенции[10]. Истовремено, и покрај уставните одредби, без разлика на важечките законодавни и правни акти, решенијата и директивите на органите на Комунистичката партија имале пресудно значење, посебно ако се има предвид фактот дека во практиката кадрите во Владата и другите државни органи задолжително биле партиски кадри[11]. Глобалниот општествен

---

[6] Види: Odluka Drugog zasedanja AVNOJ-a o izgradnji Jugoslavije na federativnom principu, 29 novembra 1943, Službeni list DFJ, br.1/1945, član 4.

[7] Државен Архив на Република Македонија (Понатаму: ДАРМ), ф: АСНОМ, к-3, Указ бр. 1 за Народната Влада од 16.04.1945.

[8] Уставот на Народна Република Македонија е донесен од Президиумот на Устаотворното собрание на 31.12.1946 година (Службен весник на НРМ, 1/1947).

[9] По угледот на советската стопанска политика, Планот ставил акцент врз индустријализацијата и електрификацијата на земјата, а земјоделството требало да ја алиментира така зацртаната политика на стопанскиот развој.

[10] Со првиот сојузен устав од 1946 година, по примерот на советската федерација, воспоставен е систем на централизиран федерализам. Со овој устав републиките дел од своите суверени права, во обем утврден со сојузниот устав и пренесуваат на сојузната држава. Всушност, зад ваквата уставна конструкција фактички постоеше и дејствуваше суверената сојузна држава со вонредно широки овластувања (Евгени Димитров, *Педесеш години современа македонска држава, „АСНОМ – иедесеш години македонска држава 1944 – 1994“,* МАНУ, ИНИ, Скопје 1995, 23).

[11] Иако КПЈ званично немала формално-правна владеачка позиција во политичкиот систем на земјата, таа во стварноста и суштински ја играла таа улога (Види: Vilim Ribić, *Ekonomske koncepcije KPJ i njihov ideološki okvir u razdoblju od 1945 do 1950 godine. „Razvoj, dileme i perspektive jugoslavenskog socijalizma“*, 1, Zagreb 1988, 241-242).

систем со неговите подсистеми – политичкиот, стопанскиот итн. – бил единствен монолит, организиран врз принципот на строга революционерна хиерархија, во која пониските степен на власта во целост се потчинувал на директивите и одлуките на повисокиот степен. На чело на глобалниот систем стоело Политбирото на ЦК КПЈ составено од десетина луѓе кои раководеле со различните сфери од глобалниот општествен систем (одбрана, економска политика, меѓународни односи, партиска изградба, власт итн.). Овој монолитен глобален систем, поделен на сектори, односно на подсистеми бил втемелен во сеопштиот државно-сопственички монопол над средствата за производство.

Имено, воспоставувањето на еднопартискиот систем, односно власт на КПЈ во 1945/46 година, било проследено и со промена на сопственичките односи, односно создавање на силен државен сектор. Подржавувањето на средствата за производство до национализацијата од крајот на 1946 година се вршело, главно, по пат на казнување на соработниците и „народните непријатели“[12] т.е. врз основа на кривичното законодавство, а подоцна според законите (национализација и аграрна реформа) со кои се врши економско развластување на буржуазијата од градот и селото, односно на капиталистичката сопственост[13]. Прашање е само колку реално во Македонија имало ваква сопственост, бидејќи бројни биле случаите кога масовно, дури и ситните производители и трговци биле прогласувани за шпекуланти, класни непријатели итн. Во крајната истанца и со двата начини „партиската држава“[14] настојувала да ја слабеење моќта на буржоазијта

[12] Спискот на прогласените „народни непријатели“ бил многу широк. Тука се вбројувале оние слоеви и личности кои се залагале за враќање на „старото“ – кралот, монархијата, капитализмот или пак не можеле да ги прифатат пролетерските (комунистички) мерки и проекции на државната политика и на општествениот развој, потоа развластените сопственици (селска и градска буржоазија) како класни непријатели, воените профитери – „воени богаташи“ и сите граѓани кои давале отпор на новите мерки на „народната држава“ и кои биле нарекувани со различна терминологија – кулак, шпекулантски слоеви, кулачко-шпекулантски слоеви, градска и селска реакција итн.

[13] По разни основи, како што се конфискација, одземање на воената добивка, секвестар, разни мерки на државната контрола, аграрната реформа и колонизација и друго, државата одзела најголем дел од покрупната приватна сопственост уште пред спроведувањето на Законот за национализација.

[14] Во тогашниот политички жаргон, оваа суштински „партиска држава“ се нарекувала „народна држава“. Тука се работи за систем во кој е воспоставен паралелизам на власта – законодавната, извршната, управната и судската власт, т.е. државната власт се јавува како формално-правен израз на вистински функционалната партиска власт.

како „класен непријател" и да создаде силен државен сектор т.е. „општонароден имот" како основа на општествената моќ на Комунистичката Партија за воспоставување и одржување на сопствената власт. Веќе во почетокот на 1947 година, „партиската држава" ги завладеала сите важни сектори на стопанисувањето и го монополизирала и централизирала протекот на капиталот, такашто таа постигнала конечната апсолутизација на нејзината општествена моќ уште пред донесувањето на Петгодишниот план (1947-1951).

Во рамките на првиот подпериод (до 1953 г.), карактеристична е фазата на развојот на македонското општество од 1945 до 1948 г. т.е. периодот на т. нар. *народна демократија*, при што пред именките на сите појави и институции стои придавка изведена од именката *народ (народна држава, народна власт* итн.)[15]. Но, по судирот на КПЈ со Информбирото во 1948 година и воведувањето на работничкото самоуправување во почетокот на 50-те години, низ теоретските и политиколошки трудови придавката *народен* постепено се заменувала со придавката *социјалистички* (-а, -о итн). Преименувањето на појавите и институциите во општеството и инсистирањето на поимот „социјалистички" (социјалистичка револуција, социјалистичко општество, социјалистичка преобразба на селото, социјалистичка економија, социјалистички морал итн.) се појавува како внатрешна потреба на југословенската раководечка државно-партиска структура да се одбрани од критиките и нападите на СССР, КПСС и на останатите членки на ИБ кои ја критикувале стопанската политика на ФНРЈ, посебно нејзината аграрна политика[16].

---

[15] Во рамките на системот на т.н. „народна демократија" со категоријата „народ" се опфаќала селективна општествена група којашто ја сочинувале „трудбениците" („работен народ"). Поимот народ не бил прецизно дефиниран. Тој се користел крајно неодредено и неговото значење и содржина се менувале со времето. Во периодот за кој зборуваме служел за поделба на социјалните и политички групации на „пријатели (приврзеници) на режимот" и на останати кои се „реакционерни" и заради тоа непријатели или т.нар. „ненародни елементи". Разликата помеѓу „народот" и „реакционерите" била флуидно поставена. Таа била арбитрирана од КПЈ во зависност од потребите на нејзината актуелна политика.

[16] Во критиките на аграрната политика на ФНРЈ се поставувало прашањето за национализација на земјата која не била извршена во Југославија, туку наспроти советското искуство од 1917 година, во 1945 година во тогашна ДФЈ се спровела аграрна реформа со која земјата е поделена (се разбира со ограничениот максимум) во приватна сопственост на земјоделецот. Со спроведувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација (ЗАРИК), земјишниот максимум на индивидуалните стопанства бил сведен на 25 ха обработлива површина во житородните реони, односно на 35 ха во нежитородните реони (Архив на Југославија, 97-9-63, Аграрната реформа во Македонија и проблемите во врска со неа).

Ограничувајќи го развојот на индивидуалниот сектор во аграрот[17], државата вложувала напори него да го вклучи во државниот и задружен сектор и на тој начин да ја реализира стратегијата на социјалистичка преобразба на селото[18]. На тој пат била спроведена и колективизацијата на селото (1949-1953) која покажала поразителни економски резултати и која делувала разорно врз македонското село. Промашувањета во сферата на аграрот довеле до бурни демографски и етнички промени во одделни делови на Републиката. Несоодветната насилна колективизација го запустила македонското село и наместо ветената урбанизација на селото, останале празни села и поселанчени градови[19].

Вториот период од развојот на македонското општество кој започнува со донесувањето на Уставниот закон од 1953 година[20], одредени историчари го делат на два подпериоди: првиот од 1953 до 1970 година како период во кој доминираат мерките за стабилизирање на системот на самоуправување и вториот подпериод од 1971 година до 1991 година како време на наводниот „либерален" делегатски систем и на договорната економија. Она што е карактеристично за

[17] Во текот на 1953 год. бил донесен Законот за земјоделскиот земјишен фонд на општонародниот имот и поделба на земјата на земјоделските организации, со кој аграрниот максимум беше сведен на 10 ха обработлива површина, т.е. на онаа големина до која се сметало дека нема потреба од ангажирање туѓа работна рака во земјоделството. Притоа, до 1953 г. задолжителниот откуп на земјоделски производи бил една од важните потпори на државата во стоковниот промет во услови на административно раководење со стопанството. Како систем на нееквивалентна размена помеѓу земјоделството и индустријата имал првостепена улога за извлекување на првобитната акумулација на државниот капитал. Со промените во стопанскиот систем во педесетите години, почнува и постепеното укинување за задолжителниот откуп откуп на земјоделски производи заклучно со 1.01.1953 г.

[18] Всушност, во целиот период преку соодветната политика на цени и други мерки, индивидуалниот земјоделец служел како база за алиментација на планираната стопанска експанзија.

[19] Види: Виолета Ачкоска, *Судирот на КПЈ со ИБ во 1948 и радикализација на југословенската аграрна политика 1949-1953 со посебен осврт на Македонија*, ГИНИ, 42/2, Скопје, 1998, 47-64.

[20] Одредени историчари, за граничник на воспоставувањето на самоуправувањето во Југославија го сметаат 27 јули 1950 година кога Сојузното Народно собрание на ФНРЈ донесе *Основен закон за управување со државните стопански претпријатија и вишите стопански здруженија*, популарно наречен *Закон за предавање на фабриките на управување на работниците* Врз негова основа биле извршени избори за работнички совети и за управни одбори во сите постојни претпријатија и фабрики во ФНРЈ и во НРМ.

двата подпериоди се појавите на барања за внатрепартиска демократизација и разрешување на одделни противречности на планот на меѓуетничките и меѓунационални односи кои останале на нивото на декларативното. Затоа, кога од денешна историска перспектива го разгледуваме развојот на македонското општество до 1991 година, основен заклучок е дека тој развој имал многу специфичности, но и заеднички црти со општојугословенските процеси кои воделе кон распадот на социјализмот како систем и кон распаѓањето на југословенската федерација. Притоа, најгрубо воопштено можеме да издвоиме два основни заклучоци кои го карактеризираат завршниот сегмент на овие процеси:

Прво, тоа е проблемот на есенцијален и долготраен несклад помеѓу идеолошко-политичкиот проект на општествениот развој и општествената практика, помеѓу прокламираните политички цели и општесвената стварност, и

Второ, неефикасно решавање на општествените проблеми во подолг временски период, со што уште повеќе се продлабочувал расчекорот помеѓу политичките цели и општествените норми, од една, и општествените односи и реалното однесување на луѓето, од друга страна.

Објективно, како што наведовме, развојот на македонското општество во периодот 1945-1991 година бил лимитиран во рамките на догорочната стратегија на КПЈ/СКЈ за изградба на бескласно општество, а социјализмот ја претставувал онаа прва фаза на наводното зацврстување на власта на „работниот народ" наспроти „ненародните елементи". Но, во реалноста, наспроти декларативната власт на работниот народ била воспоставена власт на Партијата, односно на нејзините раководно-извршни органи. Ротацијата на партиските функции по хоризонтала, партиската подобност и националниот клуч без да се води сметка за критериумите на стручноста и компетентноста, создавале рудиментирана демократија (апологетство и сервилност како услов да се остане на позиција) и го воведувале медиокритетството во различните општествени сфери од творештвото до политиката[21].

[21] Тука треба да нагласиме дека наспроти постојните идеолошки ограничувања и политички дисквалификации, наспроти служењето на комунизмот, во РМ се случувале важни процеси на националната афирмација на македонскиот народ и на другите

Концептот на социјализмот што тука се равивал по пеесеттите години го третира соција лизмот како општествено-економски систем чија основна карактеристика претставува прогласувањето на општествена соспственост на средствата за производство. Таквото сфаќање на социјализмот диминирало во Македонија, како во идеолошко-политичкиот жаргон, така и во теоретските расправи, но, реално, за целото време поимот на општествена сопственост бил изедначуван со поимот државна сопственост над средствата за производство, со што во суштина на сцена живеел концептот на административно-бирократско одлучување за сите прашања на општествено-економската репродукција[22].

Создавањето на државна сопственост (преку експропријација и национализација на индустриските капацитети и рударството) и планското стопанство со тезата *да се стигне и престигне* базирано врз советскиот модел наместо модерно производство и ефикасност, наметнувајќи државна контрола на пазарот и на распределбата, довело до неефикасност и пропаѓање на т.н. социјалистичка економија. Реално постоечката државана сопственост била прогласена за општествена, а таа во практиката речиси се третирала како ничија и сечија. Наместо модерно крупно т.н. сцијалистичко производство, се создавале политички и нерантабилни фабрики, неспособни за саморепродукција, а не станувало збор за обезбедување на проширена репордукција. Се покажало јасно дека прогласената општествена корисност не може да го замени мотивот на профитот. Во тие рамки во 1965 година била воведена т.н. Стопанска реформа, која по неколку години претрпела неуспех. Тогаш, всушност, не биле пронајдени сили за целосен радикален зафат во системот, така што се останало на делумни промени во сферата на стопанството. Спроведувањето на реформата било практично запрено со појавата на висока неврабо-

националности кои живееја во неа. Тоа било резултат на крупните чекори и грижа на државата на планот на образованието, просветата и за развојот на науките и уметностите. Во рамките на сеопштото културно и просветно издигање на нацијата, наспроти наметнатите критериуми, творејќи за прв пат на официјален признат македонски јазик, се раѓала и новата македонска интелигенција која носела и критичка свест кон постојните состојби и ги надминувала воспоставените стереотипи на „социјалистичкото" творештво.

[22] Со оваа примедба, должни сме барем делумно да предупредиме на корените на повеќето противречности во социјализмот, кои во крајна истанца резултираа во неговото целосно распаѓање.Тука се разбира не можеме да се зафатиме со поопсежна анализа која бара посебно итражување.

теност и неприфаќањето на вистинска автономија на стопанството од страна на југословенското политичко раководство.

Така, во рамките на стопанскиот развој, најгрубо може да се обележи промената на државно-централистичкиот модел на управување со стопанството со анархичните ОЗТ-иња[23]. Посебно болна точка биле т.н. политички фабрики и огромните изгубени средства за нивно вештачко одржување по секоја цена. Најкарактеристична, во тој правец била одлуката за изградба на „Железарницата" во Скопје, „Фени" во Кавадарци, а најеклатантен пример за загадување на животната средина е „Топилницата за олово и цинк" во Велес[24]. Од година во година се зголемувал бројот на невработените и од година во година растел процентот на пообразовани невработени кадри. Отворениот вентил кон запад не бил доволен да ја реши кризата. Во европските и прекуокеански земји изникна уште една Македонија, Македонија на извезена наемна работна рака и ум. Економската криза создавала тензии и незадоволство[25]. Во немоќта да ги разреши натрупаните проблеми, државно-партиското раководство го губи авторитетот. Неможноста јавно да се проговори за натрупаните проблеми создавала прикриени тензии кои се рефлектираа во мноштвото штрајкови.

Во рамките на развојот на политичкиот систем, и покрај обидите за децентрализација на системот, со Уставниот закон од 1953 година доаѓа до засилување на сојузниот законодавен централизам. Била напуштена уставната конструкција за републиката како изворен носител на државниот суверенитет, при што и Народна Република

---

[23] Во 1976 година, по претходни подготовки, усвоен е *Закон за здружениот труд*, со кој низ т.н. договорна економија, се воведува волунтаризам и антипазарна ориентација во стопанисувањето. Започнал масовен процес на ситнење на стопанските целини и сè поголемо економско затворање во рамките на републиките.

[24] Во 1981 година започнал со работа комбинатот Рудници и индустрија за никел, челик и антимон „ФЕНИ" во Кавадарци кој претставувал втор крупен објект по големина и инвестирани средства во СРМ, по Железарницата „Скопје". Нерентабилноста и огромните промашени инвестиции подоцна ќе се рефлектираат и на економски и на политички план. (В. Ачкоска, Македонија во југословенската федерација 1943-1991, хронологија, ИНИ, Скопје 2000, 158)

[25] Стандардот на југословенските граѓани, на почетокот на осумдесеттите се спуштил на нивото од средината на 60-тите години. Дошло до сè посилно заострување на хрватско-српските односи. Истовремено биле покренати остри спорови помеѓу Словенија и Хрватска. Полемиките помеѓу „северот" и „југот" се базирале главно на стопанско поле, и тоа, околу прашањето кој кого го искористува. (В. Ачкоска, исто, 164).

Македонија изгубила значителни елементи на државност[26]. Со донесувањето на Уставот од 1963 година, биле направени некои помали поместувања во насока на извесно засилување на положбата на републиките и проширување на некои нивни права. Но, и покрај овие обиди, сепак и понатаму не бил ублажен централизмот. Токму поради тоа, но и како резултатат на пропаѓањето на Стопанската реформа, при крајот на шеесетите години дошло до првото поголемо манифестирање на посериозни проблеми во меѓунационалните односи во Федерацијата. Притоа, покрај реално постојните, а прикриени сепаратистички идеи, се јавувал и стравот на помалите од доминацијата на поголемите и поразвиени народи кое се изродило во повеќеслојни меѓунационални нетрпеливости и на ниво на Федерацијата и во внатре републички рамки. Така, на планот на меѓунационалните и меѓуетнички односи, наспроти декларираното братство и единство, наспроти декларативно решеното национално прашање со авнојските одлуки, Федерацијата и Републиката биле под постојани меѓуетнички тензии кои во најголем дел доаѓале од барањата за територијално редефинирање на Југославија и на Македонија. Таквите барања биле причини и за граѓанската војна на бившите простори на СФРЈ, како и за етничкото чистење кое беше направено над Македонците во западниот дел од Македонија од страна на разни паравоени и терористички групации во 2001 година. Меѓуетнички сукоби во голема мера биле продуцирани и од економското заостанување на државата која не изнајде механизми за стимулација на трудот и поефикасно производство.

Обидот на повеќе интелектуални групи уште во почетокот на седумдесеттите години за реформи на системот и за промена на монополската улога на Партијата (СКЈ) и Тито, завршија со т.н. пресметка со либералите. Во сеопштите југословенски раздвижувања, спаѓа и македонскиот обид од 1971/73 година. Во Македонија, за припадници на либерализмот биле прогласени оние партиски кадри кои се залагале за реформа на СКЈ/СКМ, односно на Партијата и на нејзината улога во општеството, почнувајќи од Ќамуран Тахир[27], па Димитар

[26] Евгени Димитров, *Педесет години современа македонска држава, ...,* 24.

[27] Иако претходно, Колишевски веќе навестил либерални скршнувања во редовите на СКМ, иницијална капсула за почеток на пресметката со либералите во СРМ била на седницата на ЦК СКМ од 23.07.1971 година, на која, Ќамуран Тахир, претседател на Градскиот комитет на СКМ – Скопје, ги артикулирал сложените политички идеи кои биле присутни на југословенската сцена во правец на реорганизација и демократизација на СКЈ и на општеството (Види: Јован Филип, *Подводни гребени на политиката, разговори со Крсте Црвенковски*, МРТ, Скопје, 1993, 163-164, 173-175).

Мирчев, Томислав Чокревски, Славко Милосавлевски, Милан Недков, Љупчо Арнаудовски и други. Притоа, Крсте Црвенковски се сметал за главен „протагонист“ на либерализмот во СРМ. Тој бил идеолошки и политички дисквалификуван на на 36-та седница на ЦК СКМ (одржана на 18 јануари 1973), која била именувана како „пресвртница во пресметката со либерализмот и национализмот во Македонија“[28].

За разлика од словенечкиот, хрватскиот или српскиот, македонскиот „либерализам“ бил далеку помалку изразен и „оптеретен со односите со Албанците[29]. Повеќе аналитичари сметаат дека во Македонија, оваа разврска, во голем обем, била оптеретена со персонелни конфликти меѓу Крсте Црвенковски на една и Лазар Колишевски на друга страна. Покрај другото, се наведува и тоа дека Тито не бил многу заинтересиран за судирот бидејќи бил од помал обем и секако во ништо не ја загрозувал неговата положба[30].

---

[28] На 36-та седница дошло до јасна поделба на двете присутни струи во СКМ – реформската („либералите“) и антиреформската („линијаши“, противници на промената на улогата на партијата). Главни застапници на „линијата“ на партијата и критичари на либерализмот на оваа седница биле Васка Дуганова, Благој Попов, Мито Мицајков наспроти групата прогласена за либерална – Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Ќамуран Тахир, Томислав Чокревски, Димитар Мирчев, Љупчо Арнаудовски. На линијата на одбрана на нападнатите „либерали“ застанале Никола Минчев, Васил Гривчев, Живко Чинго и Кирил Миљовски (Види за македонската варијанта на „либерализмот“ кај: Славко Милосавлевски, *Страв од промени,* Комунист, Скопје 1991, 106-133).

[29] Во Македонија, во овој период, станувало се поевидентно делувањето на албанскиот иредентизам и шовинизам, така што, пралелно со меѓусебните пресметки, највиските функционери во СКМ се занимавале со проблемот на албанскиот национализам и шовинизам. Така, на пример, на 5 мај 1972 г. Секретаријатот на ЦК СКМ (132. седница) расправа за одделни националистички испади на албанската народност во општините Гостивар и Тетово.

Всушност, албанскиот комплекс прашања со сета своја сложеност се наметнал подрастично во 1968 година, а кулминирал со демонстрациите на студентите во Приштина, на денот на најголемиот празник на соседната тогаш Народна Република Албанија – Денот на знамето (Дита е фламурит) и со немирите во Тетово во втората половина на декември истата година. (ДАРМ, ф: 147, к-191, а.е. 1; ДАРМ, ф: 147, к-231, а.е. 3, Заклучоци на Секретаријатот на ЦК СКМ за некои актуелни проблеми во спроведувањето на политиката по националното прашање во СРМ, декември 1968; С. Сулејмани, *Некои актуелни моменти во односот меѓу класното и националното, „Класното и националното во нашите програмско-политички документи и во општествената практика“,* Комунист, Скопје 1988, 42-50.).

[30] Božo Repe, „Liberalizem“ v Sloveniji, „Borec“, Ljubljana 1992, 238; Радослав Огњановски, *Македонија во седумдесеттите години*, „Нова Македонија“, Скопје 1990, 118.

Во најопшт заклучок, може да се наведе дека можеби воопшто не станувало збор за некаков либерализам во СКМ туку, едноставно, се работело за судар на две тенденции во СКМ, каде видна улога играле и одредените политички личности: првата, која останувала на тврдата линија за status quo (Колишевски), и втората, која се залагала за длабоки и поструктурални промени (Црвенковски), плурализам, право на критика, право на штрајк и други мерки на демократизација на општеството.

Проблемите во меѓунационалните односи[31], покрај низата натрупани економски и други проблеми во Федерацијата, ги покренале уставните промени[32] и довеле до донесувањето на Уставот од 1974 година кој внесол повеќе нови елементи во федерализмот. Врз основа на сојузниот Устав, бил донесен и Уставот на СРМ. Со него Социјалистичка Република Македонија е дефинирана како „национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност во неа" заснована врз суверeноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе и социјалистичка демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и рамноправните со него албанска и турска народност. (чл.1)[33].

Со Уставот од 1974 биле доведени до крај промените во односите помеѓу федерацијата и федералните единици и уредувањето на федералната заедница, започнати со усвојувањето на уставните амандмани во претходните години. Републиките фактички станале национални држави, а покраините „конститутивни елементи на федерацијата". Одлучувањето во федерацијата било поставено врз начелата

[31] Види: Виолета Ачкоска, *Меѓуетничките односи во Република Македонија 1944-1991 година*, Предавања на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2002, 167-182.

[32] Уставни амандмани I-V, Службен весник на СРМ, 10/1967 и Уставни амандмани V-XIV, Службен весник на СРМ, 4/1969.

[33] Републиката се здобила со приоритет во остварувањето на суверените права, како и со право да учествува во работата на федералните органи во решавањето на работите од заеднички интерес. Во определени области како образованието, науката, културата, здравството, социјалната политика и други, републиката добила единствени надлежности. Исто така, таа се здобила и со поделни права од областа на државната безбедност, народната одбрана и меѓународните односи коишто дотогаш спаѓале во исклучителна надлежност на сојузните органи.

на договарање на републиките и покраините. Но, наместо да ги амортизира пројавените националистички однесувања, овој Устав станал силна иницијална капсула за нови незадоволства на одредени народи и народности од нивната положба во федерацијата, со што фактички повидливо започнува распаѓањето на некогашната цврста титова федерација.

Кога од денешен аспект ја анализираме втора Југославија и меѓунационалните односии како клучни во нејзиното раздружување (покрај економскиот фактор), можеме само да го констатираме историскиот факт дека тоа била Федерација која немала шанси да опстои бидејќи секој конституитивен народ во неа се стремел кон посебно национално државно конституирање како и секоја модерна нација. Проблемот е во тоа што редот на нештата тука бил сосема обратен. Наместо да се создадат национални држави на секој народ кои потоа ќе тргнат кон различни меѓусебни сојузувања, конфедерирања, федерирања (диктирани од економската логика) се создава централизирана федерација со рудиментирана демократија („партиска држава“) која го афирмира „југословенството“ како политика на братството и единството, без да се создадат поцврсти економски релации и врски[34]. Тоа доведе и до дефинитивното разградувањето на авнојската федерација во периодот 1990/ 1991 година.

Барањата за поголема самостојност на републиките биле инаугурирани во уставните промени (амандмани) од 1989 година[35]. Чекор понапред во овој правец е направен во текот на 1990 година, кога за прв пат републичкиот устав се донесол пред сојузниот. Истовремено, тогаш за прв пат биле утврдени начинот и постапката на одлучување за правото на самоопределување, вклучително и правото на отцепување од федерацијата. Тргнувајќи од оваа одредба и право, во процесот на распаѓањето на СФРЈ, македонскиот народ се само-

---

[34] Притоа можеби бил судбоносен фактот што одредени народи на оваа федерација, зад инсистирањето на југословенството (иако можеби прогресивно како идеја), често, гледале прикриени цели на големосрпството. Логиката на историскиот развој во нашиот случај се остварила како аномалија. Во ерата на светската глобализација, овие народи се раздружија поминувајќи низ тешки меѓуетнички и меѓунационални судири со воени разврски.

[35] Во тие рамки, Македонија била дефинирана како „национална држава на македонскиот народ“ и како „заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и народности кои живеат во неа“ (Амандман LVI).

определи да ја остварува својата државност надвор од рамките на авнојската федерација, прогласувајќи ја суверената држава Република Македонија.

Длабоките општествено-економски и политички промени кои довеле до промена на политичката карта на СФРЈ и до конституирањето на самостојна Република Македонија се движеја во правец на воспоставување на пазарната економија, надминување на државно-сопственичкиот монопол со постоење на сите облици на сопственост, надминување на партискиот монопол и воспоставување на политички плурализам[36]. За прв пат е гарантирана слободата на политичкото организирање и дејствување и е воспоставен непосреден избор на членовите на собранијата на општините и на Републиката коишто можеле да бидат предлагани не само од граѓани туку и од политички организации и други облици на организирање и здружување на граѓаните.

Како резултат на ваквите крупни промени и воспоставувањето на плуралистичка политичка сцена, во текот на ноември 1990 година

---

[36] Само во текот на 1990 година во СРМ биле формирани: *Народна демократска партија* на Албанците (Илјаз Халими); *Движењето за сè македонска акција* (МААК) (Гане Тодоровски); *Лигата за демократија.* (Ѓорѓи Марјановиќ). *Социјалдемократска партија на Македонија. (*Славко Милосавлевски); *Народната партија на Македонија; Партијата за демократски просперитет* (ПДП). (Невзат Халили); *Движењето на еколозите на Македонија – ДЕМ. (*д-р Михаил Токарев); *Странката на Југословените.* (Милан Ѓурчинов); *Демохристијанска партија.* (Васил Ристески). *ВМРО – ДПМНЕ.* (Љубчо Георгиевски); *Здружението на граѓани „Египќани".* (Намзи Арифи); *Здружение на Египќаните во Југославија*; *Работничка партија.* (Крсте Јанкоски); *Форум за човекови права на Македонија.* (Томислав Чокревски); *Сојуз на комунисти на Македонија Партија за демократска преобразба.* (Петар Гошев); *Социјалистичка партија на Македонија (СПМ).* (Киро Поповски); *Здружение на Власите „Никола Вапцарија"*; *Демократската партија на Турците во Македонија* (Ердоган Сарач); *Партијата за целосна еманципација на Ромите од Македонија* (Фаик Абди); *Здружение на Светскиот македонски конгрес* (Тодор Петров); *Демократскиот сојуз на Турците; Реформски сили – Либерална партија.* (Стојан Андов); *Здружението Голи Оток за Македонија; Семакедонското здружение на политичките затвореници и лица прогонувани за идеите на ВМРО-Гоцево.* (Ѓорѓи Банев); Политичка партија *Балканска федерација – Балкан без граници* (Димитар Даскалов). Во текот на 1991 година се формирале: *ВМРО-Демократска партија.* (Владимир Голубовски); *Либерална партија на Македонија* (Фатмир Мустафоски); Народната партија на Македонија го промени називот во *Македонска народна партија.* (Виолета Ачкоска, *Македонија во југословенската федерација 1943-1991*, ИНИ, Скопје 2001, 179-192).

се спроведени парламентарни повеќе партиски избори[37]. На 8 јануари 1991 година било конституирано еднодомно Собрание на Републиката составено од избраните пратеници кои припаѓале на различни политички партии и други организации[38]. Така, во политичкиот живот на Македонија беа внесени елементи на парламентарен систем. Во текот на 1991 година, ова прво плуралистичко собрание (парламент) донесе низа битни одлуки за натамошниот тек и развој на македонската државност. На 25 јануари Собранието на Македонија ја усвои Декларацијата за независност и Платформата за преговори за иднината на Југославија. Во јуни истата година од името на државата е изоставена назнаката „социјалистичка“ и се утврди уставното име Република Македонија.

На 8 септември 1991 г. е одржан референдум[39] на кој граѓаните на Македонија ја изразиле својата суверена волја Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава. На 17 ноември е усвоен и првиот Устав на РМ како суверена и независна држава[40]. Собранието на РМ за прв претседател на осамостоената држава, на 27.01.1991 година, го избира господинот Киро Глигоров. Претседателот Глигоров, мандатот за избор на првата Влада на суверена Република Македонија му го доверува на д-р Никола Клусев. Оваа Влада, избрана на 20 март 1991 година[41] од страна на првото

---

[37] Првиот круг на повеќе партиските парламентарни избори во Македонија беше одржан на 11 ноември, а вториот на 25 ноември 1990 година, при што најголем број пратенички места (37) во Собранието на Македонија доби партијата ВМРО-ДПМНЕ (Slobodanka Kovačević – Putnik Dajić, *Hronologija jugoslovenske krize 1942-1993,* Institut za evropske studije, Beograd 1994, 28).

[38] Еднодомниот повеќепартиски македонски парламент бил составен од пратеници од 9 политички партии, од 4 партиски коалиции и тројца независни кандидати. Притоа, најбројни биле пратениците на: ВМРО – Демократска партија за Македонско национално единство (38), СКМ – Партија за демократска преобразба (31), Партија за демократски просперитет во Македонија (17) и Сојуз на реформските сили на Македонија (11) (Ставре Џиков, *Македонија во комунистичкиот триаголник,* Скопје 1993, 189).

[39] Од вкупно запишаните 1.495.626 гласачи гласале 71,85%, а од нив дури 95,32% се изјасниле за самостојна и суверена држава (Трајан Гоцевски, *Првите чекори кон автономен одбрамбено-заштитен систем*, Зборник *„АСНОМ – педесет години македонска држава 1944-1994', МАНУ,* Скопје 1995, 490).

[40] Уставот на РМ за прв пат ја дефинира Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Тој претставува наполно самостоен уставен акт, заснован врз суверeноста и правата на граѓаните (Трајан Гоцевски, *Првите чекори...*, исто, 491-492).

[41] Види го нејзиниот состав во: Службен весник на СРМ, 12/1991.

плуралистичко собрание на Македонија, и покрај учеството на повеќе партии во нејзиното оформување и присутните партиски компромиси, со оглед на стручноста на повеќето нејзини членови определни за водење на поедини сектори, позната е како експертска влада[42].

Понатамошните измени во составите на владите на РМ, како и менувањето на парламентарните коалиции и владеачки партии во македонското собрание, не означија пресврт во основните определби и текови на македонската внатрешна и надворешна политика. Пред нив како прашање без алтернатива се поставила внатрешната стабилизација на државата: на економски план трансформација на сопственоста и стабилизација и заживување на стопанството, а на политички план дооформување на правната држава и стабилизација на меѓуетничките односи. Во сферата на надворешната политика, како основна стратегиска цел и долгорочен интерес на државата било интегрирањето на РМ во Европската унија и во НАТО, заради што и голем дел од активностите на владите се движеле кон таа насока[43].

Во сеопштиот општествено-економски развој на РМ по 1991 година, можеби најрадикални, но и најсудбоносни беа промените на планот на економијата. На самиот старт се прокламираше и се воведе пазарна економија и плурализам во сопственичките односи, со најава за спроведување на денационализација, т.е. враќање на одземената

[42] Активностите и работењето на оваа влада беа поврзани со низа тешкотии и на внатрешен и на надворешен план. Во периодот додека траеше мандатот на д-р Никола Кљусев (20.03.1991 – 5.09.1992), во Парламентот, и покрај честите блокади и спротивставени гледишта, беа донесени значајни документи во правец на дооформувањето на независната, суверена македонска држава и нејзиното признавање како самостоен меѓународен субјект. Меѓу другото беше усвоена Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава (19.12.1991), со Уставен закон (22.01.1992) определено РМ да не учествува во работата на Собранито на СФРЈ, на Претседателството на СФРЈ и во другите сојузни органи, беше постигнат договор со Генералштабот на Југословенската армија за напуштање на територијата на РМ (февруари 1992), со што единиците на ЈА до 27.03.1992 година, сосема мирно, ја напуштија територијата на РМ; донесена е македонска валута – *денар* (25.04.1992); отфрлена е Лисабонската декларација на Европскиот совет која го негира името Македонија (3.07.1992); од страна на собранието усвоена е одлука (29.07.1992) за стапување на РМ во членството на Организацијата на Обединетите нации и други активности.

[43] Покрај приемот ма Македонија во полноправно членство во ООН (8.04.1993), таа стана членка на Советот на Европа, членка на ОПСЕ, на ГААТ, на „Партнерство за мир" и во ред други организации од различни свери на современите меѓународни односи, т.е. во повеќе европски и светски асоцијации од сферата на политиката, економијата одбраната, науката, културата, спортот и други дејности.

сопственост на граѓаните во текот на социјалистичкиот период. Преку спроведувањето на приватизација на државниот капитал, доминатен сектор на сопственост станува приватниот, наспроти јавниот[44]. Притоа, начинот на приватизација беше погубен за македонското стопанство и за најголемиот број од граѓаните на РМ. Со фиктивни книговодствени операции, обезвреднети проценки, без јавни огласи, со фаворизирање на менаџерскиот откуп, без инструменти за заштита на работниците, со огромни дисконти, не само што беше разграбен овој капитал и деструирани основите на националната економија, туку се спроведе и нова национализација на имотот од целиот народ, без закон за тоа. Исто така, вработените од јавната администрација и општествените дејности беа исклучени од овој процес, за разлика на пример од словенечкиот, видливо успешен модел. Приватизацијата, во голема мера, се изврши со обезвреднување на вистинската вредност на капацитетите што се приватизираа и често имаше криминални особини. Исто така, беа приватизирани и системи, како на пример Телеком со кој и беа нанесени огромни материјални штети и на државата и на граѓаните на РМ.

Растечката невработеност[45] и социјална беда[46] делуваа на подгревање на националната нетрпеливост и станаа мошне погодна почва за радикалистички зафати и барања на албанската иредента. Притоа, врз РМ, во 2001 година беше организирана инвазија од Косово, како чисто освојување на територии, за подоцна поддржана од внатрешни сили и надворешни фактори да се промовира како „борба за човекови

---

[44] Законот за трансформација на општествениот капитал од 1993 година ја навести денационализацијата. Но, и покрај ваквата определба на државата, постоеја силни отпори кај некои политички и фактори и поединци. Затоа граѓаните формираа *Здружение за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти* преку кое бараа побрзо донесување на Закон за денационализација. Законот беше донесен во 1998 година (Службен весник на Република Македонија, 20/1998), но тој не беше прифатлив за некогашните сопственици. Со новиот Закон од 1999 година, граѓаните повторно добија голем дел од одземената сопственост и обештетување по пат на обврзници и акции. Првите решенија за враќање на сопственоста, беа врачени на сопствениците на 5.09.2000 година... (Интервју со Василики Викентијевиќ, претседател на Здружението за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти).

[45] Во 1990 г. беа 156.000 невработени, додека во 2000 бројот нарасна на 361.300 невработени (Статистички годишник на Република Македонија, 1991-2001)и тој број во 2004 е околу 400.000 невработени.

[46] Душан Вељковиќ, *Деструкцијата на транзицијата*, Скопје 2001, 291.

права" на Албанците во РМ[47]. Оружената инвазија заврши со потпишување на т.н. Рамков договор во август 2001 година. Овој договор, под форма на хармонизација на меѓуетничките односи и мултикултурно живеење санкционира гетоизација на колективитети[48]. Со него, Република Македонија во 2004 година, како држава изгуби многу од елементите врз кои беше создадена во 1944 година[49].

Во сеопштите процеси на разградувањето на македонската држава, како и во периодот до 1991 година, клучна улога игра кадровската политика. Форсирањето на етничкиот и партискиот клуч (подобност) наместо стручноста, чесноста и компетентноста, се најреалната опасност за самоуништување на оваа европска држава. Секојдневното назадување на економски план, како и на планот на развојот на демократијата претставува очигледен доказ дека Европа, во нејзините суштински одредници: благосостојба на граѓанинот, човекови права и слободи, економски и духовен просперитет, е се подалеку од Република Македонија. Во тие рамки, расчекорот помеѓу ветеното и оствареното од страна на водечките државно-партиски структури, помеѓу декларативното и реалното станува се поголем и позастрашувачки.

(Рецензент: *проф. д-р Даринка Петреска*)

[47] Види поопширно за целите на албанската паравојска ОНА кај: Иван Бабановски, *ОНА терористичкапаравојска во Македонија,* Веда, Скопје 2002.

48 Притоа, апсурден е фактот што албанската етничка заедница постојано бара „човекови" права, а се однесуваа со невидена граѓанска непослушност кон институциите на системот. Посебно, невидена практика во светот е непочитувањето на државните симболи, грбот и знамето.

[49] Види: Виолета Ачкоска, *Државотворноста на македонскиот народ од АСНОМ до Рамковиот договор (1944-2001),* Социолошка ревија, бр. 1-2, Скопје 2004, 71-86.

Violeta ACHKOSKA

# SOCIO-ECONOMIC DEVELOPMENT OF CONTEMPORARY MACEDONIAN STATE (1944-2004)

## Abstract

*This supplement deals with the most important segments of the socio-economic development of contemporary macedonian state (1944-2004). During the mentioned period almost all spheras of social life (economy, policy, education, culture etc) were affected with radical changes. The basic processes of the socio-economic development of the state have been considered in this supplement.The accent have been put on the certain periods abudant with historical events.*

***Key words:*** *CENTRALISM, FEDERALISM, PROPERTY, PEOPLE, PARTY, SOCIALISM, SELF-MENAGING, LIBERALISM, MARKET ECONOMY, PLURALISM.*